Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 08-1492/1
04-07-2025 20
Скопје/Shkup

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за вештачење |
| Одговорно лице и контакт информации: | nmikeska@justice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br><br>Друго ______________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 04.07.2025 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Законот за вештачење е донесен во 2023 година, како закон со европско знаменце, кој е усогласен со европските стандарди во областа вештачење. Од донесувањето до сега, Министерството за правда лоцираше недостатоци и недоречености на законот, кои доведува до проблем во примената на истиот во пракса. Работната група формирана во Министерството за правда имаше за задача

да подготви предлог законски измени со кои ќе се отстранат лоцираните слабости, и ќе се воспостави функционален и ефикасен систем за вештачење.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Причините за донесување на предложениот закон произлегуваат од недостатоците и празнините во законот кои се појавија од досегашната примена. Согласно постојното законско решение проблеми се јавуваат кај впишувањето на правните лица во Регистарот на правни лица, уредување на условите и постапка за стекнување со лиценца за вештачење, надлежен орган за издавање на лиценците, дисциплинските постапки и др.

## 2. Цели на предлог регулативата

Целта на овој предлог-закон е целосно и систематски да ги уреди прашањата кои произлегуваат од досегашната нецелосна регулатива во областа на вештачењето, со што ќе се воспостави јасна, функционална и правно обврзувачка рамка за регистрација, лиценцирање и надзор над правните и физичките лица кои вршат вештачење.

Една од основните цели на предлог-законот е прецизно уредување на условите за запишување на правните лица во Регистарот на правни лица што вршат вештачење, кој се води од страна на Министерството за правда. Со воспоставување на овие услови, Министерството конечно ќе може да постапува по барања за регистрација и да врши впишување на релевантни субјекти. Отсуството на ваква регулатива досега резултираше со правна празнина, што создаваше правна несигурност и невозможност за водење регистар, и тоа директно влијаеше врз работата на судовите, адвокатите, граѓаните и другите процесни субјекти во судските постапки.

Дополнително, предлог-законот предвидува пренос на надлежноста за издавање лиценци за вештачење од Министерството за правда на Комората на вештаци, која претставува професионално здружение на сите вештаци во Република Северна Македонија. Овој пристап е усогласен со современите европски практики за професионална саморегулација и има за цел да ја зајакне независноста, стручноста и кредибилитетот на вештаците.

Во делот на условите за стекнување со лиценца, предлог-законот предвидува ново решение – стекнување со лиценца исклучиво преку успешно положување на испит за вештаци. Испитот, како објективен

механизам за проверка на стручноста, е детално уреден, вклучувајќи ги критериумите, постапката и надлежноста за негово спроведување.

Клучна новина е воведувањето на услов за минимален работен стаж во струката:

- 10 години по дипломирање,
- 5 години по завршено магистерско образование, или
- поседување на научен степен – доктор на науки.

Оваа мерка има за цел да обезбеди висок степен на стручност и искуство кај лицата кои ќе вршат вештачење, што директно ќе влијае на квалитетот и веродостојноста на експертизите во судските и управните постапки.

Исто така, предлог-законот прецизно утврдува кои правни лица – трговски друштва, согласно Законот за трговски друштва, ќе можат да се запишат во Регистарот. Овие друштва мора да бидат регистрирани за вршење дејност вештачење, и задолжително да вработуваат најмалку три лица со важечки лиценци за вештачење, вработени на неопределено време.

Во насока на зголемена одговорност и заштита на странките во постапката, предвидено е задолжително осигурување од професионална одговорност како за физичките, така и за правните лица кои вршат вештачење. Оваа обврска обезбедува гаранција за надомест на штета во случај на нестручно, несовесно или незаконско вештачење.

Со пренесувањето на надлежноста за лиценцирање на Комората, се зајакнува улогата на Комората како клучен чинител во регулацијата на професијата, по примерот на други стручни комори како што се адвокатската, нотарската или комората на извршители.

Конечно, предлог-законот содржи и значајни измени во делот на дисциплинската одговорност на вештаците. Се врши допрецизирање на дисциплинската постапка, внатрешната организација на дисциплинската комисија, како и на видот и тежината на дисциплинските мерки. Овие новини имаат за цел да воспостават повисок степен на отчетност и професионализам, што ќе резултира со подобрен квалитет на вештачењата и зголемена доверба на јавноста во оваа дејност.

## 3. Можни решенија (опции)

*3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку не се донесе Предлог на Законот за вештачење, ќе останат нерегулирани прашањата за упис во Регистарот на правни лица, надлежен орган за издавање на лиценците за вештачење ќе остане Министерството за правда и неуредена дисциплинската постапка.

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*
Регулатрона Мерка:

Да се донесе Предлог на Законот за вештачење со цел отстранување на лоцираните слабости во пракса.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

*4.2 Фискални влијанија*

Предлог на законот нема да предизвика фискални импликации.

*4.3 Социјални влијанија*

*4.4 Влијанија врз животната средина*
НЕМА

*4.5 Административни влијанија и трошоци*

*а) трошоци за спроведување*

*б)трошоци за почитување на регулативата*

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Предлог законот ќе биде објавен на ЕНЕР и доставен на мислење до сите надлежни органи.

Воедно, во процесот на изработка на законот во работната група вклучени се сите заинтересирни страни, односно претставник од Комората на вештаци, од судството, адвокатура, приватен сектор, професор по право и др.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

*По донесување на предлог на законот одредени прашања ќе бидат подетално уредени со подзаконски акти.*

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Министерство за правда
Комора на вештаци

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

*Спроведувањето на законското решение ќе го следи Министерството за правда.*

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

*Во рок од пет години од донесување на законот ќе се спроведе анализа за примен на законските одредби од Предлог законот.*

**Изјава од министерот**

Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.

Датум: 04.07.2025

Игор Филков
министер за правда